**УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**
**ЗА ДЕЛОВНАТА 2014 Г.**

**Јануари 2015 г.**

Во деловната 2014 г., Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

**I.Обем на работа**

| Вид на услуга | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| -организирана исхрана(во порции) | 225 430 | 206 302 | 91,51 |
| -деловни ручеци и коктели(во ден.) | 222 438 | 654 074 | 294,04 |
| -кетеринг усл. по нарачки(во ден.) | - | 159 040 | - |
| -др.услуги(закуп на делов. простор,во ден.) | 1 895 132 | 1 948 421 | 102,81 |

**Преглед на обем на производството**
**(оброци за организирана исхрана)**
**2013 г. и 2014 г.**

| Месеци | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 17 636 | 15 029 | 85,21 |
| **Февруари** | 18 296 | 17 164 | 93,81 |
| **Март** | 18 059 | 17 101 | 94,69 |
| **Април** | 26 572 | 17 802 | 66,99 |
| **Мај** | 14 084 | 18 013 | 127,89 |
| **Јуни** | 17 915 | 16 933 | 94,51 |
| **Јули** | 16 368 | 17 294 | 105,65 |
| **Август** | 17 689 | 15 026 | 84,94 |
| **Септември** | 17 555 | 19 081 | 108,69 |
| **Октомври** | 19 658 | 18 685 | 95,05 |
| **Ноември** | 26 883 | 17 623 | 65,55 |
| **Декември** | 14 715 | 16 611 | 112,88 |
| **Вкупно** | **225 430** | **206 362** | |

-Во делот на организирана исхрана во деловната 2014 г. имаме намалување на обемот на производството споредено со истиот период од 2013 г. за околу 19000 оброци. Причина за ваквата состојба е застојот во работењето во Макстил А.Д.-Скопје повеќе пати во 2014 г. Тоа директно се одрази на нашето работење имајќи предвид дека истиот е најголем корисник на наши услуги од типот организирана исхрана.
Негативен аспект предизвика и зголемувањето на цената на електричната енергија која што директно учествува во цената на чинење на оброкот.
Како дополнителен проблем во овој дел од работењето во деловната 2014 г. претставуваше неможноста за постигнување договори за зголемување на цената на оброкот што од друга страна е и најосетлив дел од преговорите со Макстил А.Д.-Скопје кој во 2014 г. се соочуваше со потешкотии во работењето.
Исто така во деловната 2014 г. се соочивме со неуспешни обиди за изнаоѓање дополнителни услуги(организирана исхрана)од причина што повеќето фирми со кои стапивме во преговори не ги прифатија нашите понуди затоа што со воведувањето на бруто плата работодавците немаат обврска за организирање оброк на вработените.

-Во делот на деловни ручеци, коктели, нарачки по претходно изготвени понуди и флаери бележиме зголемување на приход од овој тип на услуга со тенденција во деловната 2015 г. обемот и квалитетот на услугите да ги подобриме и прошириме. Во подготовка е понуда и флаер за приготвување на посни и мрсни слави. На размислување сме и да изготвиме проект за реновирање на просторот пред ресторантот како летна бавча со што би понудиле и услуги од овој тип за што сметаме дека би било реално и остварливо се со цел зголемување обемот на услугите што би значело и зголемување на приходите.

-Во делот на други услуги (закуп на деловен простор) не се предвидуваат промени од причина што постојните договори за закуп се со важност без измена во наредниот период

**II.Финансов ефект**

изностите се во денари

| **Позиција** | **2013** | **2014** | **Индекс 2014/2013** |
|---|---|---|---|
| -вкупни приходи<br>-вкупни расходи | 104 246 685<br>41 577 900 | 25 483 441<br>28 603 816 | 24,44<br>68,79 |
| **Остварена бруто добивка(загуба) за финансиска година пред оданочување** | **+ 62 668 785** | **-** 3 120 375 | |
| **Данок од добивка** | 109 756 | - | - |
| **Остварена нето добивка (загуба) за финансиска година по оданочување** | **+ 62 559 029** | **- 3 120 375** | |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## 1.Приходи

| Позиција | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| -приходи од основна дејност | 24 193 207 | 22 538 998 | 93,16 |
| -приходи од закупнини | 1 895 132 | 1 948 421 | 102,81 |
| -приход од транзит | 3 229 927 | 28 591 | 0,88 |
| -приходи од продажба на градежен објект | 52 400 000 | - | - |
| -приходи од камати | 5оо | 329 135 | 65827 |
| -приходи од отпис на стари обвр. | - | 384 925 | - |
| -приходи по судско | 22 477 668 | 161 201 | 0,71 |
| -останати приходи | 50 251 | 92 170 | 183,41 |
| **Вкупно** | **104 246 685** | **25 483 441** | |

## 2.Расходи

| Позиција | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| -потрошени суровини и матер. | 12 203 149 | 10 896 564 | 89,29 |
| -трошоци за ситен инвентар | 48 287 | 7 537 | 15,6 |
| -трошоци за вработените | 9 871 831 | 9 875 023 | 100,03 |
| -трош.за замин.во пензија | 84 122 | - | - |
| -трошоци за превоз | 142 800 | 171 360 | 120 |
| -трошоци за топол оброк | 569 599 | 579 684 | 101,77 |
| -трошоци за регрес | - | 273 876 | - |
| -трош.за член на одбор на дир. | 533 328 | 488 884 | 91,66 |
| -трошоци за вода | 119 137 | 135 593 | 113,81 |
| -трошоци за комун.услуги | 186 191 | 186 192 | 100 |
| -трошоци за ел.енергија | 313 319 | 515 501 | 164,52 |
| -трошоци за нафта | 154 362 | 203 474 | 131,81 |
| -трошоци за бензин | 67 488 | 88 576 | 131,24 |
| -трошоци за плин | 25 334 | 36 242 | 143,05 |
| -трош.за ПТТ услуги | 167 826 | 145 371 | 86,62 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -трошоци за интернет | 14 068 | 13 932 | 99,03 |
| -трошоци за ревизија | 92 494 | 223 427 | 241,55 |
| -трошоци за котација на берза | 115 000 | 75 000 | 65,21 |
| -трош.за обезбед. на имот | 519 466 | - | - |
| -трошоци за нотарски услуги | 61 834 | 56 075 | 90,68 |
| -трош.за изврш.(суд.такси) | 597 101 | 100 400 | 16,81 |
| -трош. за одржув. софтвер | 111 250 | 111 240 | 99,99 |
| -трош. за тековно одржување | 79 947 | 112 433 | 140,63 |
| -трош.за геодет.елаборат | - | 27 000 | - |
| -трош.за канцелар.материјал | 56 434 | 49 260 | 87,28 |
| -трош.за регистр. на возила | 31 143 | 23 122 | 74,24 |
| -трош.за здравствени услуги | 59 780 | 56 050 | 93,76 |
| -трошоци за кало | 76 180 | 62 145 | 81,57 |
| -трошоци за амортизација | 506 324 | 389 424 | 76,91 |
| -амортизација од Услуги А.Д. | 2 282 731 | - | - |
| -трошоци за отпис на побарув. | 296 438 | 1 425 585 | 480,9 |
| -трош.по договор на дело | 133 330 | - | - |
| -трош.од прод. во транзит | 3 588 805 | 28 591 | 0,79 |
| -трош.за репрезентација | 216 692 | 123 913 | 57,18 |
| -камати по извршно судско | 240 122 | - | - |
| -неотпиш.вред. од продажба на градежниот објект | 6 239 525 | - | - |
| -трошоци за кирија | 1 477 597 | 1 848 989 | 125,13 |
| -останати трошоци од работ. | 294 867 | 273 353 | 92,7 |
| **Вкупно** | **41 577 900** | **28 603 816** | |

Ако извршиме анализа на работењето на друштвото во деловната 2014 г. споредено со истиот период од 2013 г. ќе дојдеме до заклучок дека во 2013 г. извршени се одредени финансиски операции кои не се дел од редовното работење на друштвото. Имено во 2013 г. имаме прокнижено приход од продажба на градежен објект во вредност од 52.400.000,00 денари и приходи по основ на воден судски спор од 22.477.668,00 денари. Само од тие случувања во 2013 г. имаме остварено добивка од 74.877.668,00 денари. Но ако се земе во предвид дека друштвото деловната 2013 година од редовно работење ја заврши со загуба од **3.686.632,00** денари и се спореди со истиот период од 2014 г. (искажана загуба од редовно работење **3.120.375,00** денари)ќе се дојде до заклучок дека и покрај тоа што во 2014 г. имаме произведено 19000 оброци помалку споредено со истиот период од 2013 г. искажаната загуба во 2014 г. е помала за околу 566.257,00 денари. Сакам да напомнам дека во деловната 2014 г. имаме отпис на стари ненаплатени побарувања во вредност од 1.138.065,00 ден.отпис на побарувања пријавени во стечајна маса во вредност од 287.520,00 ден.(ФАМОРД А.Д.) книжени на товар на трошоците додека

пак на товар на приходите имаме прокнижено отпис на стари обврски 384.925,00 денари, камати за дадени позајмици 329.135,00 денари и приходи по судско со РЖ Економика 195.286,00 денари.
Кога би направиле разлика на прокнижените вонредни трошоци и вонредни приходи во деловната 2014 г. прикажани погоре загубата би се намалила за околу 516.239,00 денари и би изнесувала од редовно работење 2.604.136,00 денари.
И покрај тоа што во деловната 2014 г. се соочивме со потешкотии во работењето запрен е трендот на зголемување на загубата споредено со истиот период од 2013 г. треба да се напомене дека значително влијание за ваквата состојба придонесуваат и пониските влезни цени за набавка на суровини и материјали кои се извршуваат преку Фершпед А.Д.-Скопје како и со рационално работење и штедење во секој дел од работењето.
Инвестициите во 2014 г. се однесуваат на инвестиции во градежен објект (купен дел од деловна зграда во вредност од 19.526.925,00 денари)со одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна. Објектот е наменет за вршење на основната дејност на друштвото, платен е данок на имот за истото, реновиран е магацински простор и приспособен за целите на HACCP системот за безбедност на храна, набавена е трокатна печка за потребите во кујната, набавени се два компјутери, купени се два фискални апарати и други поситни инвестиции.

За спроведување на одлуки донесени на Собрание а во врска со зделка со заинтересирана страна и голема зделка ангажирана е вонредна ревизија која предизвика дополнителен трошок во вредност од 120.900,00 денари.

Основната главнина на друштвото изнесува 56.025.775,00 денари и се состои од обични акции кои ја претставуваат номиналната вредност на емитувани акции која е усогласена со состојбата во Трговскиот регистар. Намалувањето на основната главнина се изврши со намалување на номиналниот износ на една акција а во корист на ревалоризационата вредност. Оваа промена се усогласи во Централниот регистар на РМ.

Тоа значи дека во деловната 2015 г. не се планирани дополнителни трошоци во таа насока што пак од друга страна значи трошоците на работењето нема дополонително да се зголемат. Практично сите заостанати стари и непредвидени трошоци ги извршивме во деловната 2014 г. Раководството на друштвото во деловната 2015 г. предвидува зголемување на обемот на производството за околу 66000 оброци на годишно ниво. Истото се темели на фактот што сме во интензивни преговори со Факом А.Д.-Скопје и останати во кругот на Железара пред се заради рентабилност во редовното работење, фирмите Каз Груп Скопје, фабрика Југохром Јегуновце и Џонсон Контролс. Имаме сознанија дека ќе настане промена во раководството во Арцелор Миттал Скопје со што се отвора можност да се обнови договор за користење на наши услуги. Се ангажираме да ја продолжиме добрата соработка со нашите корисници на услуги а воедно превземаме и секојдневни мерки во однос на подобрување на квалитетот на нашите оброци за организирана исхрана и услугите по нарачки и коктели кои претставуваат предизвик за зголемување на приходите во 2015 г.

Во своето работење друштвото го подобрува квалитетот на своите производи континуирано според желбите на корисниците на услугите. Истовремено се работи на развој на нови производи во склад со желбите на потрошувачите.
Во тек е подобрување на нашата веб страна, отварање на фејсбук страна на друштвото со што очекуваме подобрување на нашето претставување на потенцијалните корисници на наши услуги.

И покрај тоа што деловната 2014 г. друштвото ја заврши со загуба од **3.120.375,00** денари ликвидноста на друштвото не е загрозена.
Со состојба 31.12.2014 г. салдо на жиро сметка е **251.532,00** денари, салдо во благајна **1.686,00** денари. Побарувања од купувачите **12.434.824,00** денари и обврски кон добавувачите **2.958.003,00** денари.
Сите обврски кон државата, добавувачите и вработените се извршуваат тековно.
Во колку се остварат погореизнесените активности што се планира да се превземат раководството на друштвото си зема за право да констатира дека деловната 2015 г. ќе биде поуспешна во своето работење со што нема да изостане финансискиот ефект од таквото работење.

**Скопје, 5 03 .2015 г.**

**Извршен директор**

**/Александар Наумоски/**